МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# МЦМС е-Билтен

Август 2011

БРОЈ 121

## Три нови Форуми за МЦМС

МЦМС ќе раководи со форумите во три општини во новиот циклус на програмата Форуми во заедниците што ја спроведува Швајцарската агенција за развој и соработка заедно со општините во Република Македонија.

СДЦ направи избор на 14 проекти во 15 општини во кои ќе се спроведуваат Форумите. МЦМС ги доби на раководење форумите во општините Крива Паланка, Македонски Брод и Чешиново-Облешево.

Во Крива Паланка и во Чешиново-Облешево ќе спроведуваат проектни форуми. Вкупниот буџет за Крива Паланка изнесува 2.800.000 МКД, а за Чешиново-Облешево 4.800.000 МКД од кои 50% се на општината, а другата половина се донација на СДЦ. Форумот во Македонски Брод е буџетски и вкупниот буџет за него изнесува 4.800.000 МКД, по 50% од општината и од СДЦ.

Форумските сесии се очекува да започнат во текот на септември и да завршат до крајот на декември 2011 година.

## Ставовите на 22 јавни и информирани личности за ОРД

МЦМС објави Интервјуа, уште една публикација од серијата посветена на Охридскиот рамковен договор (ОРД). Интервјуирани се 22 јавни и информирани личности и тоа: Гордана Јанкуловска, Али Ахмети, Радмила Шекеринска-Јанковска, Руфи Османи, Иџет Мемети, Ерван Фуере, Џеват Адеми, Владо Бучковски, Кенан Хасипи, Љубомир Фрчковски, Владо Поповски, Абдурахман Алити, Билјана Ванковска, Бехиџудин Шехапи, Јован Донев, Осман Кадриу, Исмаил Бојда, Реџеп Али Чупи, Ѓунер Исмаил, Али Алиу, Александар Чомовски и Ким Мехмети.

Интервјуираните дискутираат за тоа дали Македонија, благодарение на Договорот, е подобро место за живеење; како ги доживуваат целите на Договорот; во кои области е постигнат поголем напредок; како да се постигне балансот меѓу граѓанското и мултикултурното општество; улогата на малите заедници; напредокот во децентрализацијата и за тоа дали ОРД е модел за иднината на Македонија.

# Промовирани Студиите на случаи - една од серијата публикации за ОРД

МЦМС, на 11 август 2011 година, ја промовираше публикацијата Студии на случај, една од серијата публикации посветени на 10 – годишнината од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор (ОРД). На промоцијата зборуваа Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС и дел од авторите: Благородна Ампова, Фисник Шабани и Јован Близнаковски.

Публикацијата содржи 19 студии на теми поврзани со спроведувањето на ОРД.

Во студијата Мултикултурата одразена во политичките партии, во нивите програми и во раководствата, Наталија Шикова вели дека постојат општи заложби за изградба мултикултурно општество, но тие не се проследени со доволно насочени мерки за реализација на целите.

Јорданка Галева го третира изучувањето на македонскиот јазик од учениците од немнозинските заедници. Главната причина за појава на проблемот е неподготвеност и неинволвираност на засегнатите страни во одлучувањето за прашања кои директно се поврзани со нив. Марјан Младеновски низ примерот на Куманово го анализира рамковниот договор, етничката дистанца и мултикултурализмот.

Во студијата на Фисник Шабани направен е сеопфатен преглед на законите за спроведување на ОРД. Студијата ЕУ и Охридскиот рамковен договор на авторките Тања Хафнер-Адеми и Илина Нешиќ укажува на конфузијата која беше внесена со третирањето на ОРД во контекст на исполнување на критериумите за членство на Македонија во ЕУ.

Слаѓана Димишкова во својата студија ја разгледува употребата на знамињата пред локалните јавни објекти. Случаите на Гостивар и Куманово се основа за разгледување на локалната јазична политика за заедниците под 20 % во приказот на Јован Близнаковски.

Реџеп Али Чупи се осврнува на развојот на образованието на припадниците на заедниците во сите степени по донесувањето на ОРД. Има значителен напредок во достапноста на образование на мајчин јазик, се констатира во студијата. Елена Нацевска и Лулзим Селами се занимаваат со унифицираните стандарди за академските програми на двојазичните паралелни и кооперативни студии на Универзитетот ФОН. Ваквите судии, според нив, нудат бројни можности за позитивно влијание на меѓуетничките односи.



*Од промоцијата на публикацијата*

Рамноправноста на третманот на верските заедници во процесот на денационализација е тема на студијата на Илина Мангова.

Благородна Ампова во својата студија се занимава со финансиската децентрализација од 2005 до мај 2011 година. Студијата дава слика на состојбите во кои се одвивала децентрализацијата во делот на локалните финансии и генералните проблеми со кои се судираат општините во овој процес. Пранвера Имери и Арлинда Имери го разгледуваат буџетот на општина Тетово. Од неговото зголемување секоја година, велат тие, се забележува дека е постигната повисока скала на децентрализација.

Фискалната децентрализација во РМ е разгледувана и во студијата на Јасмина Поповска. Според податоците за вкупните расходи на општините, финансиите секоја година бележат пораст. Марија Саздевски ја разгледува правичноста на редистрибуцијата на приходи од дотации од други нивоа на власт.

Студијата на Дервиша Хаџиќ-Рахиќ е посветена на Комисиите за односи помеѓу заедниците како активен механизам за заштита од мајоризација во етничките хетерогени општини. Мухамед Точи го третира начинот на носење одлуки во мултиетничките средини и проблемите што можат да произлезат низ примерот на преименувањето на училиштето „Единство – Bashkimi – Birlik".

Дона Димов-Марковска прави илустрација на примената на ОРД на локално ниво во Тетово и во Теарце. Таа констатира дека механизмите на ОРД се применуваат на локално ниво, но дека вклученоста на етничките малцинства во процесот на донесување одлуки и креирање политики е мала. Форум - Центар за стратешки истражувања и документација ја разгледува улогата на меѓуетничкиот дијалог во процесот на одлучување во општина Куманово. Студијата на Билјана Начарова се однесува на реализирањето на програмите за демобилизација, разоружување и ресоцијализација кои се неопходен услов за примена на ОРД. Најголемите недостатоци во реализацијата на овие програми се резултат на потценувањето на нивната комплексност.

Студиите на случај се дел од поголема студија посветена на првата декада од спроведувањето на ОРД. Методологијата употребена во студиите е одговорност на авторите и користени се повеќе истражувачки методи.

## Некои факти за конфликтот

Конфликтот на островот датира од 12 век кога во Ирска пристигнале доселеници од Британија. Во 1916 година е кренато востанието во Даблин против улогата на Британија на островот. Во 1921 година е потпишан договор кој водел кон воспоставување на слободна Ирска држава составена од 26 региони. Останатите 6 региони останале во составот на Северна Ирска, а таа останала во составот на Британското кралство.

30-годишниот конфликт меѓу протестантите и католиците во Северна Ирска започнал во 1968 година со кампањата за граѓански права на католичката заедница.

- Протестантите и католиците не се согласуваа за многу прашања, на пример ни за тоа како да ја викаат државата. Тие дури различно ги именуваат некои од градовите.
- За време на 30-годишниот конфликт животот го загубиле повеќе од 3.600 лица
- Договорот од Велик петок (или Велигденскиот договор) е донесен на 10 април 1998 година.
- 20% од „мировните ѕидови" се направена по Договорот.
- 95% од учениците учат во поделени училишта. Најголем дел од нив не се среќаваат со „другите" до запишување на факултет, а некои ни тогаш.
- 97% од јавните установи се сегрегирани.
- 70% од луѓето велат дека повеќето од нивните пријатели се од иста религија.
- 10% од браковите се мешани
- Нема вистински средби меѓу заедниците. Меѓусебно не се посетуваат или тоа се случува многу ретко.
- Дури и во спортот се поделени: протестантите навиваат за Глазгов ренџерс, а католиците за Селтик.



# Во Македонија и не е така лошо!

Од 24 јуни до 1 јули МЦМС ја реализираше третата по ред студиска посета на Северна Ирска како дел од проектот Мост, овој пат наменета за новинари и претставници на организации кои соработуваат со медиумите и новинарите. Целата статија може да се прочита на овој линк.

**Што е всушност конфликтот?**
Работниот дел од посетата започна со вовед во конфликтот во Северна Ирска. Како илустрација на 30 годишниот конфликт, учесниците имаа можност да ги посетат тнр. ѕидови на мирот подигнати помеѓу домовите на протестантската и католичката заедница. Низ деловите каде живее католичката заедница ги водеше Тим Браниган, католик и поранешен соработник на Ирската републиканска армија (ИРА) кој заради тоа одлежал 5 години во затвор. Водич низ протестантската заедница беше Тони Меколи, поранешен разнесувач на весници и активен медијатор во мировниот процес. Ѕидовите на мирот, кои во некои подрачја на Белфаст достигнуваат и до 10 метри, не ретко се „облагородени" со тнр. мурали, односно слики кои треба да ги потсетуваат минувачите и оние кои живеат покрај нив на ликовите на оние кои загинале во конфликтот. Следното изненадување беа вратите на ѕидовите кои во некои делови од градот се затвораа веќе во 21 часот. Луѓето од двете страни на ѕидовите не комуницираат, децата не се дружат, затоа што „од другата страна на ѕидот живеат непријателите". И водачите на оваа група, тогаш за прв пат стапнаа во некои од подрачјата на Белфаст!

Учесниците се интересираа како во вака поделени заедници функционира животот. Во здравствениот систем, на пример, тенденцијата била да се направи по еден помал здравствен центар во секоја од заедниците. Во поголемите центри, персоналот е мешан, но сепак претежно протестантски или католички во зависност од тоа каде е изграден центарот. „Мојата прва средба со „другите", вели Тони Меколи, беше на една вакцинација. Се сеќавам дека бев зачуден дека тие се исти како нас?!" Училиштата се поделени. Тие често служат како средство за идентификација на која заедница и припаѓаат. Домаќините раскажуваа дека ако не можете на основа на името, акцентот или други физички особености да разберете дали другиот е протестант или католик, сомнежот се надминува со прашањето во кое училиште учел.

За жал, велат домаќините, проектите на помирување не влијаат многу на политичарите и владата. Тие многу бавно стануваат дел од програмите на политичките партии, а потоа и на самата влада. Политичките крила на двете страни едноставно не можат да се договорат за политиката на интеграција, а медиумите пак немаат таква иницијатива.

**Иницијативи за помирување**
Фондацијата во Ларн е католичка и работи во претежно протестантска област. Претставници на групата од Ларн посочија дека една од главните пречки во нивната работа е стравот. Кога доаѓаат на средби со луѓето од други заедници, луѓето се плашат дека ќе го изгубат идентитетот. Оние кои директно биле вклучени во конфликтот често си го поставуваат прашањето дали тоа било вистинското. Оваа група на заедницата сака да продуцира слика дека Ларн е добро место во кое може да се инвестира, а оние што живеат тука да бидат горди на својот град. Ентузијазам има и во поглед на интегрирањето на учениците. Иако во основно училиште учат одвоено, потоа, во средно, за одредени предмети имаат интегрирана настава. По случувањето на Договорот од Велик петок, раскажуваат претставниците на групата, се случува и самите училиштата да го поддржуваат трендот на интегрирање. Тие со гордост кажуваат дека Ларн е пример во тој дел од државата. Таквиот тренд се гледа и во спортот, има мешани тимови во јуниорскиот фудбал. Групата не видела некоја полза од медиумите, велат дека објавувањето на позитивна приказна секогаш оди потешко отколку за лоша. Најважно, во Ларн нема ѕидови на мирот.

Третиот ден учесниците ги посетија Белфаст Телеграф, ББЦ Северна Ирска и ТВ Визион. Освен за известувањето во време на конфликтот, учесниците се интересираа за функционирањето на медиумите, справувањето со предизвиците на Интернетот и социјалните медиуми и тн.



*Учесниците на студиската посета во Ларн*

**Впечатоци**
Иако можеби немаше доволно време за целосно разбирање на комплицираниот конфликт во Северна Ирска, мировните ѕидови беа многу „речити" сметаат учесниците на студиската посета. Ситуацијата во Македонија може и не е толку лоша како што мислевме претходно, сметаат тие. По ова искуство, подобро се гледаат можностите за работа на полето на градењето мир во Македонија посебно преку медијацијата и тоа за секојдневна употреба, не само како исклучок. Она што и недостасува на Македонија е граѓански активизам кој го има во Северна Ирска.

Учесниците забележаа дека спроведувањето на Договорот од велик петок е константно и дека во целиот процес на помирување се вложуваат доста пари кои Македонија ги нема за спроведување на договорот. Поврзано со тоа економската ситуација е многу подобра за разлика од онаа во Македонија. Освен тоа, сметаат тие, луѓето во Македонија се подготвени да одат понатаму ама политичарите не се. Она што би требало да го прават медиумите во Македонија е да бараат отчетност од политичарите, а не го прават тоа.

**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**
ул. Никола Парапунов 6б, 1000 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.org.mk | mcms@mcms.org.mk